Supporting the Public Services Sector
for Establishing and Promoting EWCs

Co-funded by
the European Union

# СОЗДАВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТИ

***ВО ДИРЕКТИВАТА 2009/3 8/ЕС:***

Кон подобро учество на работниците во компанијата

## МИНИ ПРИРАЧНИК 1

Supporting the Public Services Sector for
Establishing and Promoting EWCs

Го претставуваме овој ***Мини прирачник*** за *„Создавање на европските работнички советии во Директивата 2009/38 кон подобро учество на работниците во компанијата“* (кој што е дополнет со другиот прирачник за *„создавање на транснационалниот систем за информирање на работниците во компанијата во секторот за јавни услуги“*), кој што е развиен во рамките на *Проектот за поддршка на секторот за јавни услуги за воспоставување и промоција на ЕРС,* со цел на вклучените актери да им се пружи агилен, користен и разбирлив алат за оние кои веќе се дел од светот на ЕРС, како и за оние кои што уште не ја имале таа прилика.

За методологијата користена во неговата подготовка, со едноставни прашања и одговори за основните содржини кои се однесуваат на ЕРС, сметаме дека е соодтвена за користење „на терен“, помагајќи им како на претстваниците на синдикати, така и на претставниците на работодавачи, во процедури и задачи за воспоставување на Европските работнички совети.

## Создавање на Европските работнички совети во Директивата 2009/38: кон подобро учество на работниците во компанијата

–

Европската унија го подржува и дополнува делувањето на државите членки во поглед на учество на работниците, преку системот за информирање и консултирање на работниците со цел за постигнување на темелните аспекти на европската социјална политика како што се подобрување на условите за живот и работа, адекватна социјална заштита, високо и трајно ниво на вработеност и борба против исклученост.

**Која регулатива го регулира основањето на ЕРС?**

Примената на правото на информирање и консултирање на работниците се
наоѓа во Европските работнички совети (ЕРС), кои се основани со

Директивата **2009/38/ЕС** за основање на Европскиот работнички совет или воведување на постапка за информирање и консултирање кој што ги опфаќа компаниите или групите на компании на ниво на заедница, со што е изменета и укината претходната
Директива 94/45/ЕС, со која е регулирано ова транснационално учество.

**Која е целта на Директивата 2009/38?**

Да се гарантира правото на информации и консултации за транснационалните
прашања за вработените во компании или групи на компании на европско ниво
(со најмалку илјада вработени) низ две акции создавање на Европскиот работнички совет или алтернативни процедури за информирање и консултирање на работниците.

**Што е ЕРС?**

Тоа е комисија основана за имплементирање на системот за информирање и консултирање со работниците.

**Што се подразбира под информации и консултации?**

Информација е „пренесување податоци од страна на работодавачот до претставници на работниците, со цел тие да бидат свесни за темата за која се расправа и да го оценат нејзиното влијание“ додека консултација, е дијалог помеѓу централниот менаџмент и претставници на работниците, каде тие ќе можат да го изразат своето мислење“.

**За што служи ЕРС?**
Главната задача на ЕРС е информираност и консултираност за транснационалните проекти.

**Кој може да ги основа Европските работнички совети?**

Од едната страна, компаниите на ниво на заедница, кои имаат работни центри во различни држави членки на Европската унија или во земјите од Европскиот економски простор и кои вработуваат најмалку 1.000 работници во таа група и кои, во најмалку две различни држави členики вработуваат 150 или повеќе работници во секоја од нив.
И од другата страна, групите на компании на ниво на заедница кои вработиваат 1.000 или повеќе работници во сите држави членки, кои вклучуваат најмалку две групи на компании во различни држави членки и во кои најмалку една компанија од групата вработува 150 или повеќе работници во една држава членка и најмалку една друга компанија од групата вработува 150 или повеќе работници во друга држава членка.

**Кој може да покрене постапка за основање на ЕРС?**

Одговорноста, во секој случај паѓа на централното раководство, на споствена иницијатива или на писмено барање од 100 работници или нивните претставници кои им припаѓаат на најмалку два работни центри на компанијата или групата која се наоѓа во различни држави членки.
Откако ќе го прими барањето, централното раководство ќе го контактира своето раководство во државите членки за да ја воспостави комисијата за преговори на Советот, односно процедурата за известување и советување на работниците.

**Кои се актерите на ЕРС?**

Од едната страна претставниците на работници предвидени со националното законодавство и/или праксите и, од другата страна, центраното раководство на компанијата на ниво на заедница или компанија која врши контрола, во случај на група на компании на ниво на заедница.

**Што е комисија за преговори?**

Комисијата за преговори е група основана со цел да преговара со централното раководство за основање на Европскиот работнички освет или процедури за информирање и консултирање на работниците.

**Каква е процедурата за одржување на состаноци на комисијата за преговори?**

На комисијата за преговори е, заедно со централното раководство, со писмена спогодба, да го утврди обемот, составот, овластувањата и траењето на мандатот на ЕРС или модалитетите за примена на процедурата за инфрмирање и консултирање.

**Како се реализира склопување на спогодби во ЕРС преговори?**

Може да се одлучи во писмена форама за воспоставување на една или повеќе процедури за информирање и консултирање наместо создавање на ЕРС, утврдувајќи ги модалитетите според кои ќе се одржуваат состаноците помеѓу ЕРС и централното раководство.
Комисијата за преговори може, со мнозинство од најмалку две третини од гласовите, да одлучи да не започне со преговори или да ги откаже преговорите што се во тек, со што спогодбата се финализира.

**Каков е составот на ЕРС?**

Членовите се избираат и именуваат пропорционално од бројот на работниците вработени во секоја држава членка од страна на компанијата или група на компании на ниво на заедница, така да секоја држава има 1 член на секои 10% или дел од бројот на работниците вработени во сите држави членки.
Дколку ЕРС има повеќе од 12 членови, се избира ограничена комисија од 3 членови, која што ќе биде задолжена за примање информации и присуствување на состаноци.

**Како се избираат членовите на ЕРС?**

Начинот на избор или именување на овие претставници ќе го утврди секоја држава за својата територија, гарантирајќи го својот претставник, дури доколку и го нема во компанијата.

**Кои граници ги имаат членовите на ЕРС за развој на своите функции?**

Ги имаат сите неопходни средства колективно да ги застапуваат интересите на работниците, имаат право да ги информираат претставниците на работниците во установи или компании, ќе добијат соодветна обука (по основ на платено

одсуство) за извршување на своите функции и ќе им биде дадена заштита и гаранции слични со оние што се предвидени со нивното национално законодавство.

**Кои овластувања ги има ЕРС?**

Да бидат информирании консултирани за оние прашања што влијаат врз компанијата во целина, да одржат најмалку еден годишен состанок со централното раководство и да бидат известени со неопходна претходна најава за да можат да дадат мислење за исклучителни околности што значително влијаат врз интересите на работниците, посебно во случаи на преместување на компании, затворање на деловни центри или компании или колективни откази.

**Како и кога информациите се доставуваат до ЕРС?**

Информирање и консултирање на работниците ќе се изврши во соодветно време, за да може да се одржи расправа на таа тема. Информациите кои што работодавачот ги дава мораат да им овозможи на претставниците на работниците да се запознаат со ситуацијата и да го подготват одговорот (фаза на консултирање) за поставеното прашање.
Ови постапки се спроведуваат на релевантно ниво на управување и
застапување, во зависност од темата за која се расправа и исклучително за темите со транснационален опсег, барајќи од централното раководство да ги информира и консултира работниците за новостите во компанијата и за сите релевантни одлуки кои што на нив би можеле да влијаат, давајќи ги информациите кои го овозможуваат покревањето на преговорите во рамките на ЕРС.

**Кој вид на информации центалното раководство треба да го пружи?**

▪ Конкретно во врска со структурата, економската и финансиската ситуација, веројатен развој на активностите, производство и продажба на компанијата или група на компании на ниво на заедница.
▪ А посебно во врска со: состојбата и веројатен развој на вработувањето, инвестиции, суштествени промени кои што влијаат врз организацијата, воведување на новите методи на работа или новите методи на производство, преместување на производството, со спојување, намаливање на величината или затворање на компании, установи или значителни делови на истите и колективно отпуштање.

- THIS COPY IS FREE-

“Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.”

Supporting the Public Services Sector
for Establishing and Promoting EWCs

Co-funded by
the European Union